Архивски број: 08-699/11
Датум: 25-12-2023

Постапувајќи по претставката за заштита од дискриминција со бр. 08 – 699/1 од 14.09.2023 година, поднесена од [redacted] од Скопје, со живеалиште на [redacted] против Агенција за филм, Влада на Република Северна Македонија и Министерство за култура на Република Северна Македонија, за сторена дискриминација во областа на културата врз основа на лично својство и општествен статус, образование, политичко и друго уверување, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 25.12.2023 година, го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** во областа на културата врз основа на лично својство и општествен статус, образование, политичко и друго уверување од страна на Агенција за филм, Министерство за култура и Влада на Република Северна Македонија кон [redacted]

## Образложение

На 14.09.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка со архивски број 08 – 699/1 и дополнение на претставка со број 08 – 699/2, од страна на подносителот [redacted] против Агенција за филм, Влада на Република Северна Македонија и Министерство за култура на Република Северна Македонија, за сторена дискриминација во областа на културата врз основа на лично својство и општествен статус, образование, политичко и друго уверување.

Во претставката подносителот наведува дека е режисер за филм и телевизија. Дипломирал и магистрирал на Националната академија за филм и телевизија во Софија, а докторирал со истражување за инструментите и средствата за работа на режисерот во уметноста на филмот. Освен како режисер, сценарист и продуцент во филм и телевизија, работел и како драматург и режисер во десетина театри во Македонија. Две години бил директор на Фестивалот на камерен театар „Ристо Шишков" во Струмица, а пет години извршен продуцент во [redacted]. Седум години работел како продуцент на продуцентската компанија [redacted], а неколку сезони работел во Словенија како продуцент и режисер на проектот „То во мој поклиц", продуциран од [redacted] Подносителот наведува дека во моментот е директор на [redacted] и вонреден професор по режија за филм и телевизија на [redacted] во Скопје.

Податоците за неговото образование, професија, професионални достигнувања и ангажмани, подносителот ги наведува како околности кои ја определуваат дискриминаторската основа во неговиот случај на дискриминација. Поради тоа, подносителот тврди дека е дискриминиран врз основа на неговото образование, квалификации и компетенции. Во продолжение на претставката хронолошки се наведени настаните што според подносителот довеле до системска дискриминација кон него во областа на културата. Подосителот тврди дека системската дискриминација кон него се врши во периодот од 2018 година и тековно од страна на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за култура на Република Северна Македонија, Агенцијата за филм, националните установи од областа на културата и уметноста и државните театри.

Во 2018 година на престижниот филмски фестивал во Монтреал подносителот на претставката ја добил наградата за „Иновативност во филмската уметност" за филмот „Ругање со Христос". На истиот ден поранешниот претседател на Владата на Република Северна Македонија – [redacted], во присуство на тогашниот министер за култура – [redacted] и тогашниот директор на Агенцијата за филм – [redacted] на прес - конференција јавно повикале на забрана на неговиот игран филм. Подносителот истакнува дека на новинарско прашање „Дали премиерот [redacted], министерот [redacted] и директорот [redacted] го гледале филмот на чија забрана повикуваат", тие одговориле дека не го гледале филмот, туку само трејлер од филмот. Подносителот тврди дека со тие дејствија, наведените повикале на цензура, што според член 16 од Уставот на Република Северна Македонија е забрането.

Подносителот тврди дека од тој момент за него започнал политички и социјален прогон, инициран со јавната изјава на, во тој момент, најмоќниот човек во државата. Подносителот и неговото семејство биле изложени на јавен линч, против него и неговиот филм се водела судска постапка за забрана за прикажување, која била покрената од државниот правобранител – [redacted]. Сите институции на државата од областа на културата одбиле да го прикажуваат филмот, со образложение дека сите сали за кинoприкажување биле зафатени. Подносителот тврди дека дури и приватното кино Синеплекс, под комерцијални услови, одбило да го прикажува филмот. Подоцна подносителот добил информација дека трпеле политички притисоци за неемитување од, како што наведува, „влијателни личности од Владата". Според подносителот овие настани се иницијација за дискриминацијата кон него, што сè уште трае.

Од тогаш, подносителот аплицирал на околу десетина конкурси на Агенцијата за филм и никогаш не добил ниту еден проект за долгометражен или краткометражен игран филм, ниту за документарен филм. Причините за отфрлање на неговите проекти, според подносителот, се должат на заробеноста на институцијата Агенција за филм од страна на политичката партија СДСМ и Здружението на филмски работници. Подносителот наведува и дека голем број од членовите на филмскиот совет се активни

членови на политичката партија СДСМ, кои јавно изразуваат ставови што иницираат политички антагонизам кон него како уметник и граѓанин. [redacted] досега аплицирал со насловите на проектите: „Среќно Милена", „Шеќерна земја", „Шеќер" и „Магдалена". На некои од конкурсите аплицирал и по неколку пати со истите наслови, со адекватни измени и дополнувања, согласно правилата на Агенцијата за филм. На последниот конкурс кој бил објавен во април минатата година, подносителот аплицирал со долгометражниот игран филм „Русите доаѓаат во Шугарленд", како автор на сценариото и режисер. Резултатите од тој конкурс биле објавени кон крајот на август оваа година. Подносителот наведува дека според неговите сознанија, оценувачката комисија го оценила неговото сценарио со доволно поени за да може да се квалификува, но за да не му се додели проектот, Агенцијата за филм, единствено за оценување на неговото сценарио, речиси пред крајот на рокот определила и трет читач кој го оценил со ниски оценки. Подносителот тврди дека еден од двијацата читачи немал никакво искуство со пишување на сценарио за игран филм, дополнително чекал да добие средства за снимање на филм, што според подносителот го прави подложен на притисоци од Агенцијата за филм и ДФРМ и го компромитира системот на оценување. Во однос на определување на третиот читач, подносителот наведува дека за толку кратко време е невозможно да се направи релевантна анализа, редакција и оценка на најкомплексната материја во еден игран филм – сценариото. Во претставката се појаснува дека согласно добрите практики на Агенцијата за филм, авторот кој со претходен филм имал успех на фестивали во светот, а бил дистрибуиран во Македонија, тогаш тој добива финансирање на неговиот нареден проект. И покрај тоа што филмот на подносителот „Ругање со Христос", финансиран од Агенцијата за филм е единствен филм од Македонија кој бил прикажан во повеќе од дваесет кино сали во Америка, Канада и Австралија, нови проекти добиле сите режисери, освен подносителот на претставката. Воедно, подносителот тврди дека постојат случаи на повеќе од деретина режисери кои добиле втори проекти, а првите не ги завршиле, што е спротивно на правилата за работа на Агенцијата за филм. На последниот конкурс објавен во август оваа година, за прв пат Агенцијата за филм доделила средства на само еден македонски мнозински филм на македонски автор. Според подносителот таквото дејствие било насочено директно против него, со што кон него е сторена директна дискриминација од страна на Агенцијата за филм.

Освен Агенцијата за филм, подносителот тврди дека кон него се врши продолжена дискриминација од страна на Министерството за култура и националните установи од областа на театарската уметност, со недвосмислено и намерно одбивање на неговите проекти во тетатрите низ Македонија. Подносителот истакнува дека речиси сите директори на театри одбиваат официјален разговор со него како уметник, неодговарајќи му на телефонските повици, со што му се оневозможува да закаже состанок. Тој појаснува зошто е важен односот помеѓу уметникот и театарот: „Добрата практика во државните театри (не само во Македонија) е дека секогаш прво се започнуваат разговори со режисерите за нивните идеи во врска со адекватен проект за тој театар, потоа се разгледуваат неколку предлози, па со директорот и умтничкиот


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

раководител на театарот во тие разговори се прави кастинг – избор на актери и други уметнички соработници (сценографи, костимографи, дизајнери, композитори), што во голема мера е процес кој може да трае и до една година, како фаза на договарање и пред – подготовки." И покрај тоа што подносителот како режисер со успех поставил дваесетина театарски претстави низ различни театри во државата, сепак не успева да оствари ниту една средба со директор на театар низ целата држава.

Подносителот информира дека немал и тековно нема судска забрана за вршење на дејноста. Затоа смета дека на овој начин кон него се врши дискриминација на неговите граѓански права за еднаков пристап до институциите на државата во врска со учество на јавни работи достапни по пат на конкурс.

На 25.09.2023 година Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, врз основа на чл. 24, ст. 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација достави известување со барање за произнесување по наводите од претставката до Агенција за филм, Влада на Република Северна Македонија и Министерство за култура на Република Северна Македонија.

На 09.10.2023 година до Комисија за спречување и заштита од дискриминација стигна допис од Владата на Република Северна Македонија. Со дописот известија дека Барањето за произнесување го доставиле за постапување до Министерството за култура и Агенцијата за филм, согласно член 5, став 2 од Законот за постапување по претставки и предлози.

На 16.10.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација стигна поднесок со произнесување по наводите од претставката од Агенција за филм. Во поднесокот Агенцијата за филм ги негира наводите за дискриминација, појаснувајќи дека подносителот на претставката како автор, со своите проекти учествувал на конкурси објавени од Агенцијата за филм под еднакви услови како и сите други апликанти. Во продолженија ја појаснуваат постапката по конкурсите пред Агенцијата за филм, и наведуваат дека сите проекти, вклучително и оние на подносителот на претставката се евалуираат и оценуваат на ист начин, односно објективно и непристрасно, согласно законските и подзаконските акти. Во однос на постапката, наведуваат дека одредбите од член 26 и член 27 од Законот за филмска дејност ги уредуваат условите на конкурсот за финансирање на филмски проекти и критериумите за финансирање на филмски проекти од национален интерес во филмската дејност, додека подзаконските акти поблиску ги уредуваат начинот, односно постапката за евалуација и оценување на аплицираните проекти. Надлежните во постапката, филмскиот совет, филмските рецезенти и финансискиот советник, според Агенцијата за филм, во своето постапување по поднесените апликации дополнително гарантираат законито, непристрасно, објективно, еднакво и недискриминирачко оценување на сите аплицирани проекти. Одлуката за поддршка на конкретен проект од Агенцијата за филм ја донесува Управниот одбор на

Агенцијата за филм, во рамки на овластувањата и на начин предвиден во член 21 од Законот за филмска дејност. На овој начин, според Агенцијата за филм, уште еднаш се обезбедува објективен, непристапен и еднаков пристап со сите апликанти на конкурсот, а со тоа и со подносителот на претставката. Оттука, Агенцијата за филм истакнува дека како институција ја нема можноста ниту некого да привилегира, ниту по било кој основ да дискриминира, вклучително ни подносителот на претставката како автор. Агенцијата за филм истакнува дека во својата работа ги применува Законот за филмска дејност и подзаконските акти, кои гарантираат еднаков, непристрасен и недискриминирачки однос кон сите физички и правни лица кои на било кој начин општат или соработуваат со Агенцијата. Токму од овие акти произлегува дека не сите проекти на автори секогаш ќе бидат поддржани од страна на Агенцијата. Со поднесокот за произнесување се негираат наводите на подносителот дека никогаш не бил поддржан од Агенцијата за филм, со тврдење дека токму филмскиот проект „Ругање со Христос" е поддржан и финансиран со средства на Агенцијата за филм. Во однос на останатите наводи од претставката Агенцијата за филм одбива да се произнесе, бидејќи како што наведуваат, со конкретната содржина на претставката подносителот се обидува да изврши притисок врз Агенцијата за филм, со цел неговите проекти во иднина да бидат избрани и финансирани и надвор од пропишаните услови и критериуми. Како заклучок од изнесеното во поднесокот за произнесување, Агенцијата за филм истакнува дека поднесената претставката и наводите во истата се неточни, паушални и непоткрепени со докази. Од друга страна, законитоста во работењето на Агенцијата за филм на ниту еден начин не можат да се доведат во прашање, а најмалку да стане збор за дискриминација врз подносителот на претставката – [redacted]

На ден 05.12.2023 година во 12.00 ч., по налог на КСЗД, согласно надлежностите регулирани во член 29 од Закон за спречување и заштита од дискриминација, членот на Комисијата – Игор Јадровски и Анастасија Муратовска - вработена во стручната служба на Комисијата, извршија непосреден увид во Агенцијата за филм по предметот со бр. 08 – 699. Претставниците од Комисијата остварија средба со Бојан Лазаревски – директор на Агенцијата за филм, на која дискутираа за претставката за заштита од дискриминација поднесена од [redacted]. На почеток претставниците од Комисијата дадоа вовед на надлежноста - увид и целите на увидот поврзани со конкретниот предмет. По барање на претставниците на Комисијата, директорот на Агенцијата за филм ја објасни постапката по конкурсот за финансирање на филмски проекти, појаснувајќи дека на конкурсот аплицира продуцентот со сценариото на авторот. Самата постапка, односно процесот на селекција трае 2 – 3 месеци и тука се инволвирани 15тина луѓе. Според директорот со вклученоста на толкав број на луѓе во процесот се губи можноста подносителот да биде дискриминиран или било кој што ќе аплицира за финансирање на филмски проект.

На прашањето „Дали Агенцијата практикува да финансира проекти на автори за чиви дела веќе дала поддршка или се оди кон тоа да се поддржуваат различни автори?",

директорот одговори дека секој проект е засебен и е подложен на постапка за евалуација.

На прашањето „Дали е вистина дека праксата на Агенцијата за филм е кога филм кој е поддржан од Агенцијата ќе доживее успех, понатаму Агенцијата да го поддржи и следниот негов проект (што не било случај со подносителот на претставката)", директорот наведе дека нема таков автор, ниту пракса. Доколку постоел таков автоматизам ќе бил предвиден во Законот за филмската дејност. Дополнително наведе дека во праксата се случувало конкретен автор да добие средства за проект, а потоа истиот автор да не добие средства за нов проект, и тоа зависи од квалитетот на секој засебен проект.

Претставниците на Комисијата го прашаа директорот – „Зошто за сценариото „Русите доаѓаат во Шугарленд" пред крајот на рокот бил определен трет дополнителен читач и дали тоа било случај и за други сценарија или единствено за сценариото на подносителот на претставката?" На прашањето директорот одговори дека тоа не е вистина, бидејќи ниту за конкретното сценарио, ниту за други сценарија не бил определен трет рецензент. Тој појасни дека читачите се менуваат за секој конкурс, а на конкретниот биле [redacted] По конкретниот конкурс двајцата реценценти ги рецензирале сценаријата на сите автори, односно апликанти. Тврдењето на директорот беше потврдено со увид во документацијата за проектот на подносителот на претставката и беше констатирано дека не бил определен трет читач.

На прашањето – „Дали е вистина дека во постапката за рецензија на „Русите доаѓаат во Шугарленд" не било испочитувано начелото на тајност на авторот, па рецензентите знаеле чиво сценарио оценуваат?", директорот одговори дека тоа не е точно и тие не знаеле чиво сценарио оценуваат. Тој накратко ја појасни постапката, во која на почеток административната служба врши проверка на документацијата на апликантот, за што изготвува записник, а потоа директорот именува рецензенти. До рецензентите се праќа единствено името на проектот, без име на авторот. Од увидот се потврди дека проектите се рецензираат анонимно, вклучително и конкретниот проект на подносителот на претставката.

За тврдењата во претставката дека подносителот е дискриминиран од страна на Агенцијата за филм и дека интенциозно не добива финансиска поддршка за неговите проекти, директорот се произнесе дека подносителот во текот на 2023 година добил поддршка од Агенцијата за филм и тоа два пати, еднаш како автор, еднаш како продуцент. Агенцијата за филм ги прифатила проектите – Фестивал на краток филм „Астерфест" и Фестивал на медитеранскиот и европскиот филм „Преку езерото" и за истите доделила финансиски средства.

На увидот беа обезбедени копии од Одлука на Агенцијата за филм за прифаќање на проектот Фестивал на медитеранскиот и европскиот филм „Преку езерото" со бр. 02 – 757/24 од 12.04.2023 година и Одлука на Агенцијата за филм за прифаќање на проектот Фестивал на краток филм „Астерфест" со бр. 02 – 757/23 од 12.04.2023 година.


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Ценејќи ги наводите од претставката и поднесокот за произнесување по претставката, како и сознанијата добиени од увидот, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека не е сторено веројатно тврдењето на подносителот за сторена дискриминација од страна на Агенцијата за филм. За да се стори веројатно тврдењето за извршена дискриминација, и за да премине товарот на докажување од подносителот на претставката на посочениот дискриминатор, во смисла на член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, **подносителот треба да докаже дека постои јасна причинско – последична врска помеѓу дискриминаторските основи**: лично својство и општествен статус, политичко и други видови уверување и образование **и настанатата повреда**. Освен тоа, за да постои веројатност за дискриминација потребно е да постои и каузалност помеѓу понеповолно постапување и настанатата повреда, односно штета за подносителот.

Подносителот навел дека поради неговото образование, професионални достигнувања и ангажмани што како околности ги сочинуваат дискриминаторските основи, тој во континуитет е дискриминиран во постапките по јавен конкурс за финансирање на филмски проекти што ги спроведува Агенцијата за филм. За подносителот повредата е тоа што неговите проекти не ги избираат на огласите на кои тој конкурирал.

По увидот во документацијата за конкретниот конкурс во Агенцијата за филм, по кој подносителот аплицирал со „Русите доаѓаат во Шугарленд" беше констатирано дека е испочитувана постапката предвидена со Законот за филмската дејност. Со тоа се поби тврдењето на подносителот дека на тој конкурс за неговиот проект, пред крај на рокот, бил определен трет, дополнителен рецензент, за разлика од останатите апликанти. Воедно, беше забележано дека за конкретниот конкурс истите двајца рецензенти ги рецензирале сценаријата на сите апликанти и дека во постапката кон подносителот се постапило како и кон останатите апликанти, согласно предвидените правила.
Фактот што подносителот не бил избран на конкретни конкурси за финансирање на филмски проект не е доволен за да се заклучи дека тој е понеповолно третиран, поради неговите заштитни карактеристики. Воедно, беше земен предвид и фактот што постапката за селекција била анонимна, со што се побија тврдењата на подносителот дека рецензентите знаеле чиво сценарио оценуваат и поради тоа така го оцениле. Оттука произлегува дека оценувачите не биле свесни за заштитните карактеристики на апликантите и поради тоа не можеле да доведат некого во понеповолна положба заради лична, односно заштитна карактеристики и со тоа да извршат дискриминација.

Од сознанијата и документацијата добиени на увидот во Агенцијата за филм се констатираше дека подносителот во 2023 година добил финансиска поддршка од Агенцијата за филм за два негови проекти. Оттука се заклучува дека во конкретниот случај не постои повреда или настаната штета за подносителот. Воедно, тоа се ценеше како доказ дека изборот или неизборот на проектите на подносителот не бил базиран

на карактеристики кои се врзани лично за подносителот, туку за проектите со кои тој аплицирал.

Поради наведеното Комисијата за спречување и заштита од дискриминација констатираше дека не се исполнети елементите од законската дефиниција за дискриминација предвидена во **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:**

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите.“*

Следствено, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно своите надлежности одлучи дека во конкретниот случај не се утврдува дискриминација врз основа на лично својство и општествен статус, образование, политичко и друго уверување од страна на Агенција за филм кон [redacted]

Во однос на Министерството за култура и Владата на Република Северна Македонија, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација не утврди дискриминација, бидејќи наведените дискриминатори немаат пасивна легитимација, односно согласно надлежностите не можат да бидат вклучени во процесот на селекција на филмски проекти кои ќе добијат финансиска поддршка од Агенцијата за филм.

НАПОМЕНА: Комисијата за спречување и заштита од дискриминација заради сеопфатноста на постапката и преземените дејствија во текот на постапката го пречекори законски утврдениот рок од 60 дена за постапување по претставки.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Игор Јадровски

Доставено до:

- [redacted]
- Агенција за филм со седиште на ул. „8-ми Март“ бр. 4, 1000 Скопје
- Министерство за култура на Република Северна Македонија со седиште на ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, 1000 Скопје
- Влада на Република Северна Македонија со седиште на бул. „Илинден“ бр. 2, 1000 Скопје